# Фејсбук

## Препознај ја измамата

*Краток и практичен прирачник за лицата од трета доба*

Лесен јазик · Конкретни примери · Чести измами

Овој прирачник е подготвена со финансиска поддршка на Европската Унија. Содржината е одговорност исклучиво на авторката и на издавачот и не ја одразува политиката на Европската Унија

# За овој прирачник

Во ера кога информациите се шираат со невидена брзина, а границата помеѓу вистинското и лажното станува сè потенка, не постои единствена магична алатка за препознавање на лажни вести, измами и манипулации. Сепак, постојат повеќе знаци кои може да укажуваат дека одредена вест не е веродостојна. Ова е особено важно за луѓето од третата доба, кои сè повеќе се поврзуваат на дигиталниот свет, но често без потребната подготовка и поддршка.

Овој прирачник е изработен во рамките на проектот „Нашите медиуми" на Македонскиот институт за медиуми и партнерските организации, а како резултат на едногодишната регионална академија за идни лидери на промени во областа на медиумската писменост и медиумскиот активизам. Целта е да придонесе кон зајакнување на вештините на таргет групата со практични алатки за медиумска писменост.

Фокус на овој прирачник е зголемување на свеста и соодветно едуцирање со таргет на повозрасните лица без многу искуство со технологија, за истите да можат полесно да пристапуваат до информации, да знаат да извршат проверка и заштита од манипулации.

*Во продолжение, следуваат 7 практични совети за заштита од некои од најчестите измами и манипулации преку социјалната мрежа Фејсбук. Прочитајте ги внимателно, обидете се истите да ги разберете, како и комуницирајте со вашите пријатели и роднини за истите. Зголемувањето на свеста и едукацијата е најсилната алатка против ваквите опасности на интернетот.*

# 1. Фејсбук е корисен и забавен, но крие опасности

Фејсбук ни помага да останеме во контакт со семејството и пријателите, како и да споделуваме објави за секојдневни активности и настани. Но некои луѓе го користат за да нè измамат и да ни украдат пари. Овој прирачник ти помага да ги препознаеш.

| Три главни опасности: | Запомни: |
| --- | --- |
| Измами - лажни понуди и награди<br>Лажни вести - измислени приказни<br>Лажни профили | Измамниците се многу паметни и искусни. Ако се чувствуваш несигурно тоа е нормално. Не е срамота да прашаш дете или внуче за помош! |

# 2. Вистинска или лажна објава?

Погледај ги овие две објави на Фејсбук. Која е измама, а која е вистинска?

**✕ ПРИМЕР - ЛАЖНА ОБЈАВА**

*Страница: Toto Makedonija Ofic. · Пред 1 час · Јавно*

ЧЕСТИТКИ! Твојот број ПОБЕДИ 50.000 евра!!! Кликни ВЕДНАШ и внеси ги твоите лични податоци! Важи само 24 ЧАСА!!!

14.832 · 3.201 · ↗ 8.944 споделувања

**Зошто е ова измама?**

✗ Никогаш не сте учествувале во ваква наградна игра · ✗ Се бараат лични податоци · ✗ Лажен притисок и чувство на ургентност · ✗ Многу извичници!!!

**✓ ПРИМЕР — ВИСТИНСКА ОБЈАВА**

*Страница: Министерство за здравство ✓ · Пред 3 часа · Јавно*

Мобилните тимови ќе вршат бесплатни прегледи следната недела. Термини можете да закажете на тел. 072-333-444.

892 · 43 · ↗ 210 споделувања

**Зошто е ова веродостојно?**

✓ Верификувана страница · ✓ Конкретен телефон · ✓ Мирен тон · ✓ Не бара пари

# 3. Најчести измами - препознај ги

Ова се најчестите начини на кои измамниците те контактираат на Фејсбук.

### 🎁 Измама со лажни награди

*CESTITKI! Izbran si za dobitnik na iPhone 15! Klikni ovde i vnesi gi tvoite podatoci za da ja dobies nagradata!*

Никогаш не учествувал во таква игра. Сакаат да ти украдат лични податоци или да наплатат поштарина за наградата.

**✓ Правило: Ако не учествувал - не можеш да победиш. Игнорирај без кликање.**

### 🏦 Лажна банкарска порака (често и по SMS)

*Pochituvan klient, vasata smetka e blokirana. Kliknete ovde vednas za da ja verifikuvate.*

Банката НИКОГАШ не бара лозинка или ПИН преку Фејсбук. Линкот те одведува до лажна страница која изгледа исто.

**✓ Правило: Провери директно во банката на официјалниот број на твојата картичка.**

### 👤 Лажен пријател во неволја

*Zdravo, jas sum Marija (tvoja prijatelka). Sum vo bolnica vo stranstvo i mi trebaat 300 evra itno. Ve molam pomognete!*

Измамникот го копирал профилот на Марија. Тоа не е таа, тоа е непознато лице кое сака пари.

**✓ Правило: Провери директно на телефон кај пријателот ПРЕД да испратиш пари.**

**Романтична измама**

*Jas sum doktor vo stranstvo. Te sakam mnogu. Mozes li da mi isprates pari za da dojdam kaj tebe?*

Со месеци градат доверба, потоа бараат пари. Никогаш не доаѓаат. Фотографиите се украдени од интернет.

✓ **Правило: Ако непознат на интернет бара пари, тоа е најчесто измама.**

# 4. Вистински или лажен профил?

Провери го профилот пред да прифатиш барање за пријателство.

**⚠ СОМНИТЕЛЕН ПРОФИЛ**

**Горан Петровски**

*Создаден пред 3 недели*

- 12 пријатели
- 3 фотографии
- 0 сопствени објави
- Швајцарија · ООН

✗ Нов профил ✗ Малку пријатели ✗ Елитна работа

**✓ ВЕРОДОСТОЈНО**

**Ана Стојановска**

*Член од 2013 · Скопје*

- 487 пријатели
- 210 фотографии
- Редовни објави
- Скопје · Пензионерка

✓ Стар профил ✓ Многу пријатели ✓ 34 заеднички

**Правило за прифаќање пријатели:**

Прифати само ако го познаваш лично, ако има заеднички пријатели и ако профилот е активен. Ако не си сигурен, не прифаќај!

## 5. Доби сомнителна порака? 5 чекори

| | | |
|---|---|---|
| 1 | **Застани и не брзај** | Пораки од типот „Само 24 часа!“ е најчесто лажен притисок. Измамниците те брзаат намерно. Земи здив и не брзај. |
| 2 | **Не кликај на линкови** | Ако не си 100% сигурен, не кликај. Подобро пропуштена можност отколку изгубени пари. |
| 3 | **Никогаш не давај лични податоци** | Број на картичка, ПИН, лозинка, никогаш преку Фејсбук. Ниту банката не ги бара на овој начин. |
| 4 | **Прашај некој близок** | Покажи му на дете или внуче. Не е срамно, тоа е паметно! Две очи гледаат подобро. |
| 5 | **Пријави го на Фејсбук** | Три точки (...) на објавата → Пријави → Измама. Заштити се себеси и другите! |

## 6. Листа за проверка пред да кликнеш!

Штиклирај ги сите полиња пред да кликнеш или споделиш нешто на Фејсбук.

- ☐ Знам кој го напишал ова и дали е доверлива страница
- ☐ Насловот е мирен, нема врескање или CAPS LOCK
- ☐ Постои конкретен телефон, адреса или официјален линк

- ☐ Ако се бараат пари, прво ѕвонам на телефон за да проверам
- ☐ Ако се нуди награда, прво проверувам дали сум учествувал
- ☐ Ако е непознат профил, не прифаќам барање за пријателство
- ☐ Ако се двоумам, прашувам дете или внуче пред да правам нешто

## 7. Златни правила - исечи ги и закачи ги!

Овие правила да ги знаеш напамет. Печати ги и закачи како потсетник.

🏦 Банката никогаш не бара лозинка или ПИН преку Фејсбук или порака

🎁 Ако не си учествувал во наградна игра - не можеш да победиш

💸 Ако некој бара пари преку интернет - прво заѕвони на телефон

🔗 Чуден линк? Не кликај. Подобро е да пропуштиш отколку да изгубиш пари

👤 Нов профил + малку пријатели + барање на пари = Измама

❤️ Непознат на интернет кој те сака и бара пари = Измама

🤝 Прашај дете или внуче ако се двоумиш - тоа е паметно, не слабост!

🚨 Ако те измамиле - пријави на полиција и Фејсбук. Не се срами!

🛡️

## Ти си попаметен од измамникот!

Сега ги знаеш сите трикови. Сподели го овој прирачник со пријателите и семејството, заедно сме посилни.